**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

## НА РАКОПИСОТ „ОСНОВИ НА ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ” - ПРАКТИКУМ ОД АСИСТЕНТ ДОКТОРАНД Д-Р ЈАДРАНКА РУНЧЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1602-161/29 од 124. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за образовни науки, одржана на 20.9.2018. година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Љупчо Кевереска, редовен професор на Педагошки факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола;
- д-р Соња Петровска, редовен професор на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „ОСНОВИ НА ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ” – ПРАКТИКУМ од асистент докторанд д-р Јадранка Рунчева, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултет за образовни науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Општи податоци за ракописот: Учебното помагало – практикум со наслов „Основи на инклузивно образование“ од асистент докторанд д-р Јадранка Рунчева е наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за образовни науки, на студиските програми: Одделенска настава, Предучилишно воспитување и Педагогија, како и за студентите од останатите наставнички студиски програми на факултетите при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Ракописот е напишан согласно со Наставната програма за предметот Инклузивно образование, кој се изучува како изборен предмет во четврта година, VII семестар, Предучилишно воспитување и Одделенска настава со фонд на часови 2+2+1 и како задолжителен предмет во четврта година на студии, VII семестар со фонд на часови 3+2+2 на студиската програма Педагогија.

Податоци за обемот ракописот: Практикумот е напишан на 62 страници компјутерски обработен текст во А4 формат со единичен проред, фонт на букви Arial и големина на фонд 11. Библиографијата вклучува 14 библиографски единици главно практикуми и прирачници за наставници и воспитувачи. Обемот на ракописот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите согласно со предвидениот број на часови и одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Податоци за постоење на сличен или ист наслов: Практикумот „Основи на инклузивно образование“ соодветствува на предметната програма, како и на содржините презентирани во скриптата „Основи на инклузивно образование“ од проф. д-р Соња Петровска и асистент докторанд д-р Јадранка Рунчева. Иако во Р Македонија постојат бројни прирачници кои се користат во функција на професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар во детските градинки и во училиштата, во насока на развивање на компетенциите за работа во инклузивни училишта/детски градинки, студентите на Факултетот за образовни науки сè уште немаат систематизирано учебно помагало кое ќе го користат за подготовка на предметот Инклузивно образование.

Овој практикум нуди можност за сензитивизирање на студентите за работа во инклузивни воспитно-образовни средини. Предвидените активности се формулирани во облик на проблеми и овозможуваат разбирање на основите на инклузијата во образованието.

Краток опис на содржината: Ракописот е структуриран во осум тематски целини кои ја следат структурата на предметната програма и структурата на скриптата „Основи на инклузивно образование". Предвидени се 12 вежби кои опфаќаат и по неколку проблеми на кои ќе работат студентите.

Студентите ќе имаат можност да се оспособат за: препознавање на основните поими (ексклузија, сегрегација, интеграција, инклузија и инклузија во образованието) кои се поврзани со синтагмата инклузивно образование; разбирање на развојот на идејата за инклузивно образование, како и за анализа и примена на теориски концепти и политички документи во инклузивната практика.

Преку креативни дидактички решенија, студентите ќе стекнат знаења во врска со карактеристиките на децата со посебни потреби и ќе развијат вештини за нивно препознавање.

Во предвидените вежби е ставен акцент и на препознавањето на квалитетите на училиштата и детските градинки како организации во однос на градењето на инклузивна воспитно-образовна средина преку креирање на индекси за инклузија. Исто така, креирани се проблемски активности низ кои студентите ќе развијат вештини за работа во тимови за инклузија и за изработка на индивидуални образовни планови.

Низ користењето на овој практикум во процесот на учење студентите ќе имаат можност да се оспособат да ги препознаваат придобивките од инклузивното образование, да ги дијагностицираат бариерите и да нудат решенија за нивно надминување.

Понудените вежби кои се однесуваат на улогата на наставниците/воспитувачите, стручните соработници и родителите во остварување на процесот на инклузија се инспиративни за сензибилизирање на студентите за значењето на вклученоста на сите овие фактори во оживотворувањето на процесот на препознавање, прифаќање, обзнанување и вклучување на децата со посебни потреби во редовните воспитно-образовни институции.

## ЗАКЛУЧОК

Практикумот „Основи на инклузивно образование" од авторката асистент докторанд д-р Јадранка Рунчева претставува учебно помагало кое на систематичен, постапен и креативен начин им ги доближува содржините од предметот Инклузивно образование на студентите.

Структурата на понудениот материјал, неговиот едноставен стил на пишување, како и дидактичката конципираност гарантираат дека студентите ќе ги стекнат предвидените компетенции согласно со програмата.

Врз основа на изнесеното, имаме особена чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки да му предложиме учебното помагало (практикум) „Основи на инклузивно образование" од авторката асистент докторанд д-р Јадранка Рунчева да го одобри за издавање.

**Рецензенти**

**Д-р Љупчо Кевереcки, редовен професор, с.р.**

**Д-р Соња Петровска, редовен професор, с.р.**